РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-803/1
23.04 2024 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Македонска Каменица, на ден 23.04.2024 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во општина Македонска Каменица** кој го одобрува Градоначалникот на општина Македонска Каменица потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во општина Македонска Каменицасе** определуваат следните: општина Македонска Каменица, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и др.

3. Донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во општина Македонска Каменица**, за чија изработка е одговорен "Ингра" ДООЕЛ од Скопје, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз биодиверзитеот, влијание врз амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Македонска Каменица на следната веб адреса/и: www.makedonskakamenica.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. _____
Место Општина Македонска Каменица

Градоначалник
Димчо Атанасовски